Сава пензиско друштво а.д. Скопје
Мајка Тереза 1
1000 Скопје
www.sava-penzisko.mk
тел: 15-500

## Информација за начин на пристап до лична сметка

Сава пензиско друштво а.д. Скопје во годишниот извештај за пензиска заштеда, Ви доставува **податоци за најава во делот за Лична сметка.** Податоците за најава се состојат од **корисничко име и информација за лозинка.** Лозинката која е наведена во Вашиот годишен извештај е еднократна и при првата најава во Вашата Лична сметка, ќе Ви биде побарано да ја промените. По успешната промена на еднократната лозинка, ќе добиете пристап до податоците за Вашата пензиска заштеда, податоци за пензискиот фонд/фондови во кој сте член и до Вашите лични податоци.

По извршената промена, новата лозинка ќе Ви биде позната само Вам и истата потребно е соодветно да ја сочувате и заштитите. Корисниците кои веќе ја промениле лозинката, се најавуваат со својата лозинка.

Новата лозинка мора да содржи најмалку **8 карактери**, од **кои минимум еден карактер со голема буква, еден карактер со мала буква, број и специјален знак**, а за Ваша сигурност препорачуваме истата да ја менувате на период не подолг од 90 дена.

Доколку ја заборавите лозинката, кликнете на линкот **Заборавена лозинка** или контактирајте нè на 02/15-500 секој работен ден од 08-16 часот за понатамошни инструкции.

**<u>Доколку немате доставено ажурен податок за електронска адреса или мобилен телефон, нема да бидете во можност да ја користите опцијата за заборавена лозинка.</u>**

**Промената на личните податоци (во случај кога не Ви се ажурни податоците за е-маил и мобилен телефон) во секое време можете да ја извршите на еден од следните начини:**

1. **Ажурирање по писмен пат**, при што треба да посетите некоја од експозитурите на **НЛБ Банка АД Скопје** или дојдете во седиштето на **Сава пензиско друштво а.д. Скопје** и да пополните Барање за ажурирање/корекција на личните податоци во присуство на овластено лице/агент на Друштвото кое ќе изврши увид во Ваш валиден документ за лична идентификација.

2. **Достава на пополнето Барање за ажурирање на податоци по пошта.** При вакво ажурирање на податоци ќе бидете контактирани од Друштвото со цел утврдување на идентитетот на испраќачот на Барањето, при што телефонскиот разговор ќе се снима.

3. **Ажурирање со телефонски повик на 02/15-500**. На ваков начин со регулативата е дозволено ажурирање **единствено на** адреса на живеење и/или адреса за коресподенција. При вакво ажурирање на податоци ќе се изврши идентификација на членот при што телефонскиот разговор ќе се снима.

Со почит,

Сава пензиско друштво а.д. Скопје

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), www.mapas.mk (02) 3224 229